**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 21.05.2019

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 2846 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** Првиот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1)

3. **Период опфатен со надзорот:** 9 мај 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Јавниот радиодифузен сервис е обврзан на најмалку еден радио програмски сервис на македонски јазик и на радио програмскиот сервис на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, дневно да обезбеди најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство, а на вториот радио програмски сервис на македонски јазик дневно да обезбеди најмалку 30% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 8 март 2019 година, за непочитување на член 92, став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-82, од 08.03.2019 година) на Првиот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1).*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (11.03.2019 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

**7. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз Првиот радио програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1), емитуван на 9 мај 2019 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на членот 92, став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***